СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Второто продолжение на Дваесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 21 септември 1995 година

Скопје, септември 1995 година

**II ПРОДОЛЖЕНИЕ НА 20-та СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНА НА 21.1X.1995г**

АНДОВ СТОЈАН -води седница

Дневен ред ; продолжение од 20 та седница

т. 9, 10,11, и12

- БАРАЊА НА ОПШТИНСКИ СУД ЗА КРИВИЧНА ПОСТАПКА ПРОТИВ
- Ристо Маринчевски -Скопје
- Трајче Бутнејски - Штип
- Драги Дилберов - Гевгелија
- Олга Бошевска - Битола

К Р А Ј

**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од II-то продолжение на 20-та седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 21 септември 1995 година**

Седницата започна со работа во 11,40 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Стојан Андов, претседател на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ние не можеме да ја отпочнеме 26-та седница од причина што најважен проект на таа седница ни е законот за локална самоуправа, а Владата поради обемната активност во комисиите, бројните амандмани што беа ставени и големиот број од усвоени амандмани од страна на Владата, има потреба да направи прочистен текст, за да по тој текст после следи текот на постапката на усвојување на законот. Кога ќе го изготви текстот Владата ќе ни го испрати и тогаш дополнително ќе кажеме кога ќе почнеме со 26-та седница.

Затоа сега, денес ќе работиме по единците по кои не сме ја завршиле работата, а имаме некои точки останати.

Продолжуваме со работата по 20-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Киро Поповски, Љубомир Чадиковски, Санде Џамбазоски, Здравко Стојковски, Јане Ангеловски, Милчо Трајков, Илинка Митрева, Благоја Филиповски, Панче Насев , Иван Бојков , Стојан Ковачевски и Владо Станковски, ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одаучува.

Минуваме на **точката 9** - Барање на Општинскиот суд - Скопје II-Скопје за давање одобрение за водење на кривична постапка против Ристо Маринчевски судија на Окружниот стопански суд во Скопје.

Барањето на Општинскиот Скопје 11-Скопје и извештајот на Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни прашања,Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и предлагам Собранието да го усвои следниот заклучок.

1. Собранието на Република Македонија констатира дека не постои уставно правен основ да одлучува за давање на одобрение за водење на кривична постапка против Ристо Маринчевски , судија на Окружниот стопански суд Скопје .

2. Овој заклучок да се достави до Општинскиот суд Скопје 11-Скопје, Републичкиот судски совет и до Ристо Маринчевски, судија на Окружниот стопански суд во Скопје.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака?(64)
Дали е некој против? (Не)
Дали некој се воздржува од гласање?(не)
Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Минуваме на **точката 10** - Барање на Општинскиот суд Битола за давање одобрение за водење на кривична постапка против Трајче Бутнејски, судија на Окружниот суд во Штип.

Барањето на Општинскиот суд во Битола и извештајот на Комисијата за деловничко и мандатно имунитетни прашања, Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и предлагам Собранието да го усвои следниот заклучок.

1. Собранието на Република Македонија констатира дека не псотои уставно правен основ да одлучува за давање на одобрение за водење на кривична постапка против Трајче Бутнејски, судија на Окружниот суд во Штип.

2. Овој заклучок да се достави до Општинскиот суд Битола, Републичкиот судски совет и до Трајче Бутнејски, судија на Окружниот суд во Штип.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака?(65)

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Минуваме на **точката 11** - Барање на Општинскиот суд Титов Велес за давање одобрение за водење на кривична постапка против Драги Дилберов, судија на Општинскиот суд во Гевгелија.

Барањето на Општинскиот суд Титов Велес и извештајот на Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни прашања, Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?(Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и предлагам Собранието да го усвои следниот заклучок.

1. Собранието на Република Македонија констатира дека не постои уставно - правен основ да одлучува за давање на одобрение за водење а кривична постапка против Драги Дилберов, судија на Општинскиот суд во Гевгелија.

2. Овој заклучок да се достави до Општинскиот суд Титов Велес, Републичкиот судски совет и драги Дилберов, судија на Општинскиот суд во Гевгелија.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака?(66)

Дали е некој против?(Не)

Дали некој се воздржува од гласање?(1)

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Минуваме на **точката 12** - Барање на Општинскиот суд Битола за водење на кривична постапка против Олга Бошевска, судија на Окружниот суд во Битола.

Барањето на Општинскиот суд Битола и извештајот на Комисијата за делвонички и мандатно имунитетни прашања, Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и предлагам Собранието да го усвои следниот заклучок.

1. Собранието на Република Македонија констатира дека не постои уставно правен основ да одлучува за давање на одобрение за водење на кривична постапка против Олга Бошевска судија на Окружниот суд во Битола.

2.0вој заклучок да се достави до Општинскиот суд Битола, до Републичкиот судски совет и до Олга Бошевска, судија на Окружниот суд во Битола.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака?(65)

Дали е некој против?(Не)

Дали некој се воздржува од гласање?(Не)

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Бидејќи дневниот ред е исцрпен ја заклучувам 20-та седница на Собранието на Република Македонија.

(Седницата заврши во 11,45 часот)